*Универзитетски гласник*

*Издавач:*
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје

*Уредник на издавачката дејност на УКИМ:*
проф. д-р Никола Јанкуловски, ректор

*Уредник на Универзитетски гласник:*
м-р Марија Маневска, генерален секретар

*Лектор:*
Весна Илиевска Цветановска

*Техничко уредување:*
Зоран Кордоски
м-р Елизабета Додевска

# ПРАВИЛНИК
## за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус академски студии - докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје

Врз основа на член 94, став 1, алинеја 22 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018) и член 275 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје (Универзитетски гласник бр. 425/2019), Универзитетскиот сенат, на 6. седница одржана на ___.12.2020 година, го донесе следниов

# ПРАВИЛНИК за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус академски студии - докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје

## I. Општи одредби

**Член 1**

(1) Со овој Правилник се регулираат условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на третиот циклус академски студии – докторски студии (во натамошниот текст: докторски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (во натамошниот текст: Универзитетот).

(2) Со овој Правилник се регулираат и организацијата, координацијата и реализацијата на докторските студии, структурата на студиите, стекнувањето кредити, постапката на пријавување, изработка и одбрана на докторскиот труд, како и називите на научниот степен доктор на науки.

**Член 2**

(1) На Универзитетот се организираат студиски програми за докторски студии од научните области во следниве научноистражувачки подрачја, односно научноистражувачки полиња од прво ниво според Меѓународната Фраскатиева класификација (во натамошниот текст: научноистражувачки подрачја):

- природно-математички науки;
- техничко-технолошки науки;
- медицински науки и здравство;
- земјоделски и ветеринарни науки;
- општествени науки;
- хуманистички науки;
- уметности.

(1) Докторските студии можат да се организираат и како интердисциплинарни студиски програми.

(2) Интердисциплинарните студиски програми содржат две или повеќе научни области кои припаѓаат на едно или на повеќе научноистражувачки подрачја.

(3) За интердисциплинарните студии се применуваат одредбите од овој Правилник што ги регулираат заедничките студиски програми.

**Член 3**

Докторските студии се организираат заради:

- унапредување на научноистражувачката, уметничката и стручната работа;
- пренесување знаења на новите генерации;
- оспособување кадар кој самостојно ќе води оригинално научно истражување; развивање на нови технологии и уметнички проекти;
- интернационализација на Универзитетот;
- друго.

**Член 4**

Докторските студии на Универзитетот се организираат и се реализираат во согласност со Законот за високото образование, а се усогласени со правилата на Болоњскиот процес и со европскиот кредит-трансфер систем.

## II. Организација, координација и реализација на докторските студии

***Организација и координација на докторските студии***

**Член 5**

(1) Докторските студии се организираат и се координираат во Универзитетската школа за докторски студии на Универзитетот (во натамошниот текст: Универзитетска школа за докторски студии), со учество на факултетите, научните институти на Универзитетот и јавните научни установи – придружни членки на Универзитетот.

(2) Називот на Универзитетската школа за докторски студии на англиски јазик е: University School for Doctoral Studies at the University "Ss. Cyril and Methodius” in Skopje.

(3) Универзитетската школа за докторски студии обезбедува:

- критериуми за воедначен научноистражувачки квалитет на докторските студии во сите научноистражувачки подрачја;
- рационално и оптимално користење на научноистражувачките и други кадри, како и расположливата истражувачка инфраструктура;
- можност за организирање на интердисциплинарни студии;
- координација на студиите;
- друго.

***Реализација на докторските студии***

**Член 6**

(1) Докторските студии се реализираат од страна на факултетите, научните институти (во натамошниот текст: единици) и јавните научни установи – придружни членки на Универзитетот, согласно со Законот за високото образование, студиските програми и овој Правилник.

(2) Докторските студии можат и заеднички да се реализираат од две или повеќе единици на Универзитетот, согласно со Законот за високото образование, овој Правилник и актот за организирање на заедничка студиска програма.

(3) Докторските студии можат да се организираат во соработка со еден или повеќе универзитети од Република Северна Македонија или од странство, а ќе се реализираат по нивната акредитација.

(4) Докторските студии може да се реализираат на македонски јазик, македонски и англиски или англиски јазик.

(5) На студиските програми на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, докторските студии може да се реализираат на јазиците на студиските програми, организирани од соодветните катедри, а докторскиот труд се пишува и се брани на јазикот на студиската програма.

(6) Актите од ставовите 2 и 3 на овој член ги донесува наставно-научниот/наставно-научниот и уметнички/научниот совет на единицата, односно на јавната научна установа – придружна членка на Универзитетот, а согласност дава Универзитетскиот стручен совет за докторски студии.

(7) Одредбата од ставот 3 на овој член не се однесува на студиските програми за кои согласно со прописите на земјата не е предвидена акредитација.

***Универзитетски стручен совет за докторски студии***

**Член 7**

(1) Докторските студии се координираат од Универзитетскиот стручен совет за докторски студии (во натамошниот текст: Стручен совет за докторски студии).

(2) Стручниот совет за докторски студии има единаесет (11) члена:
- проректор за настава, претседател (по функција);
- проректор за наука, заменик-претседател (по функција);
- по еден член од научноистражувачките подрачја: природно-математички науки, техничко-технолошки науки, земјоделски и ветеринарни науки, медицински науки и здравство и општествени науки, два члена од хуманистички науки (од кои еден член од уметностите);
- еден член од научните институти;
- еден член од јавните научни установи – придружни членки на Универзитетот.

(3) Изборот на членовите од ставот 2 на овој член, на предлог на ректорот, го врши Универзитетскиот сенат.

(4) Мандатот на членовите на Стручниот совет за докторски студии е три години со право на уште еден избор, односно мандатот им трае до изборот на нови членови. Доколку во текот на мандатот настане промена на член на Стручниот совет за докторски студии, мандатот му трае до истекот на мандатот на членот што го менува.

***Надлежности на Стручниот совет за докторски студии***

**Член 8**

(1) Стручниот совет за докторски студии ги координира докторските студии. Во рамките на координирањето:
- до Ректорската управа и Универзитетскиот сенат дава мислење за студиски програми за докторски студии предложени од единиците и придружните членки на Универзитетот, кои вршат високообразовна дејност за докторски студии;
- се грижи за обезбедувањето квалитет на докторските студии;
- се грижи за поврзувањето на постојните и поттикнувањето на нови докторски студии, посебно за акредитирање студиски програми на англиски јазик;

- до Ректорската управа дава мислење за конкурсот за запишување студенти на докторски студии, врз основа на предлозите на единиците и на придружните членки кои вршат високообразовна дејност за докторски студии;
- ја потврдува конечната листа за прием на студенти по конкурсот за студирање на докторски студии, по студиски програми;
- по предлог на единиците и на придружните членки кои вршат високообразовна дејност за докторски студии, ја потврдува листата на слободни ментори која е составен дел на конкурсот за запишување студенти на докторски студии;
- по предлог на единиците кои ги организираат студиските програми, ја потврдува листата на изборни предмети за стекнување генерички знаења и вештини за истражување;
- ја координира наставата на предметите за стекнување генерички знаења и вештини за истражување;
- по предлог на организаторите на студиските програми ја потврдува листата на наставници кои ја изведуваат наставата на предметите за стекнување генерички знаења и вештини за истражување од универзитетската листа на изборни предмети за трет циклус студии;
- изготвува годишен академски календар за реализација на докторските студии на Универзитетската школа за докторски студии;
- определува член на Стручниот совет за докторски студии, кој припаѓа на соодветното научноистражувачко подрачје, за учество на годишните конференции;
- се грижи за реализацијата на овој Правилник, за што донесува упатства и други општи и поединечни акти;
- во соработка со единиците и придружните членки кои вршат високообразовна дејност за докторски студии, води регистар на студиски програми, организатори на студиските програми, ментори, наставници по генерички знаења и вештини, запишани студенти и слично;
- изготвува соодветни анализи и до ректорот доставува предлози за унапредување на квалитетот во реализација на студиските програми за докторски студии;
- дава согласност на актот за организирање заеднички студиски програми на единиците и со други универзитети;
- ги утврдува стандардите за изготвување докторски труд и авторезиме на докторскиот труд;
- се грижи за квалитетот на докторските е студии;
- врши и други работи утврдени со овој Правилник и работи што ќе му бидат доверени од Универзитетскиот сенат и од ректорот на Универзитетот.

(2) Стручните, административните и техничките работи за потребите на Стручниот совет за докторски студии се вршат од страна на Стручната и административна служба на Универзитетот.

***Дејности на единиците и јавните научни установи – придружни членки на Универзитетот во организирањето и реализацијата на докторските студии***

**Член 9**

(1) Наставно-научниот, односно наставно-научниот и уметнички совет на факултетите, односно научниот совет на научните институти кои се единици на Универзитетот или на јавните научни установи – придружни членки на Универзитетот:
- ги изготвуваат и ги предлагаат студиските програми за докторски студии;
- го утврдуваат составот на советите на студиските програми на кои се предлагачи;
- обезбедуваат користење на простор и истражувачка опрема (библиотечен фонд, бази на податоци, лаборатории и слично), при реализирањето на студиските програми што ги организираат;
- по барање на раководител, односно кораководителна студиска програма, одобруваат користење на простор и истражувачка опрема за реализација на студиски програми кои ги организираат и реализираат други факултети и научни институти, во состав на Универзитетот;

- одлучуваат во постапката за оцена на предлогот за независен истражувачки проект за изработка на докторски труд под менторство (докторски проект) и во постапката за оцена и за одбрана на докторскиот труд (докторска дисертација);
- одлучуваат за распределба на средствата стекнати од школарини за организација на докторските студии и извршуваат финансиски обврски за активностите што се реализираат на нивните институции, согласно со закон и актите на Универзитетот;
- вршат и други работи.

(2) Стручните, административните и техничките работи, вклучително и водењето на персоналните досиеја на запишаните студенти на единиците и на придружните членки, се вршат од страна на нивните стручни и административни служби.

***Совет на студиска програма***
**Член 10**

(1) За секоја студиска програма се формира совет на студиската програма.
(2) Советот на студиската програма го сочинуваат лица избрани во наставно-научни и научни звања на единицата, односно единиците, акредитирани како наставници во студиската програма.
(3) На студиските програми со повеќе од 100 наставници, акредитирани во студиската програма, советот на студиската програма може да се формира од претставници на внатрешните организациони единици. Одлука за претставниците донесува наставно-научниот/наставно-научниот и уметнички/научниот совет на единицата, односно на придружната членка.
(4) Бројот и составот на советот на студиската програма се утврдуваат со студиската програма, а се конституираат по добивање на решение за почеток со работа од Владата на Република Северна Македонија
(5) Деканот/директорот на единицата свикува конститутивна седница на советот.

***Надлежности на советот на студиска програма***
**Член 11**

(1) Советот на студиската програма:
- пред објавувањето на конкурсот, утврдува распоред за ангажираност на наставниците и листа на акредитирани ментори на докторски студии за секоја академска година, кои ги доставува до Стручниот совет за докторски студии;
- на наставно-научниот/наставно-научниот и уметнички/научниот совет му предлага дополнителни услови и критериуми за запишување студенти на докторски студии, кои се составен дел на конкурсот;
- утврдува прелиминарна и конечна листа на пријавените кандидати по конкурсот за запишување на студиските програми;
- назначува ментор/коментор;
- одлучува за промена на ментор/коментор;
- одлучува за ангажирање на наставници и афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката во реализацијата на студиската програма;
- поднесува иницијатива до наставно-научниот/наставно-научниот и уметнички/научниот совет за промена на студиската програма;
- учествува во постапката за пријавената тема со предлог-докторскиот проект, за изработка на докторски труд и во постапката за оцена и за одбрана на докторскиот труд, согласно со овој Правилник;
- усвојува извештај за реализирана меѓународна мобилност, посебно за секој кандидат;
- утврдува распоред на годишните конференции во согласност со годишниот календар на Универзитетската школа за докторски студии;
- ги организира докторските семинари и годишните конференции во согласност со годишниот академски календар на Универзитетската школа за докторски студии;
- изготвува извештај од реализираните годишни конференции;
- донесува решенија за признавање кредити согласно со овој Правилник;
- одлучува по барањата на студентите;
- врши и други работи утврдени со овој Правилник и работи што ќе му бидат доверени од Стручниот совет за докторски студии.

(2) Советот на студиската програма организирана од две или повеќе единици донесува акт за организирање на

заедничката студиска програма, со кој се уредуваат организацијата на студиската програма, начинот на работа на советот на студиската програма и други прашања од значење за работата на советот на студиската програма.

**Член 12**

***Совет на заедничка студиска програма***

(1) За студиска програма организирана од две или повеќе единици на Универзитетот се формира совет на заедничката студиска програма.
(2) Советот на заедничката студиска програма го сочинуваат лицата избрани во наставно-научни и научни звања на единиците, кои потпишале согласност за учество во студиската програма, како наставници и/или ментори.
(3) Стручните, административните и техничките работи за работењето на советот на заедничката студиска програма се остваруваат во единицата во која е вработен менторот и со која студентот има склучено договор за студирање.

***Раководител на студиска програма***

**Член 13**

(1) Раководителот на студиската програма се избира од страна на советот на студиската програма. Изборот го потврдува Универзитетскиот сенат.
(2) Раководителот треба да е во работен однос на единицата организатор на студиската програма, односно на една од единиците организатори на студиската програма.
(3) Раководителот треба да е од редот на акредитираните ментори на студиската програма.
(4) Мандатот на раководителот е три години, со право на уште еден избор, односно мандатот му трае до изборот на нов раководител.
(5) Деканот/директорот на единицата го предлага раководителот на студиската програма.

**Член 14**

Раководителот:

- ги свикува и раководи со седниците на советот на студиската програма;
- ги потпишува актите од надлежност на советот на студиската програма;
- организира средба со пријавените кандидати за упис на докторски студии;
- се грижи за организирање на наставата (распореди, сесии, докторски семинари и годишни конференции);
- задолжително, на крајот на вториот, четвртиот и шестиот семестар спроведува анкета за функционирањето на студиската програма (одобрена од Стручниот совет за докторски студии) со студентите, која ја доставува до Стручниот совет за докторски студии;
- ги изготвува и ги доставува актите и материјалите за прашања од неговата надлежност, до советот на студиската програма, доколку поинаку не е утврдено со овој Правилник;
- ги извршува одлуките на советот на студиската програма;
- ја координира соработката помеѓу советот на студиската програма и Стручниот совет за докторски студии;
- врши и други работи утврдени со овој Правилник и работи што ќе му бидат доверени од Стручниот совет за докторски студии, советот на студиската програма и од органите на единицата, односно придружната членка.

**Кораководители на заедничка студиска програма**

**Член 15**

(1) Студиска програма која е организирана од две или повеќе единици на Универзитетот има кораководители на студиската програма.
(2) Секоја единица која учествува во организирањето на заедничка студиска програма има по еден кораководител.
(3) Кораководителите учествуваат во изработката на финансискиот план за реализација на заедничката студиска програма, согласно со акт на Универзитетот, кој се доставува до надлежниот орган за одлучување.
(4) Кораководителот на заедничката студиска програма се избира од страна на членовите на советот на студиската програма кои се од една единица. Изборот го потврдува Универзитетскиот сенат.

(5) Кораководителот треба да е во работен однос на единицата организатор на студиската програма, односно на една од единиците организатори на студиската програма.

(6) Кораководителот треба да е од редот на акредитираните ментори на студиската програма.
(7) Мандатот на коораководителот е три години, со право на уште еден избор, односно мандатот му трае до изборот на нов кораководител.
(8) Деканот/директорот на единицата го предлага кораководителот на студиската програма.

**Член 16**

Кораководителот:
- ги потпишува актите од надлежност на советот на студиската програма кои се однесуваат на единицата;
- организира средба со новопријавените студенти на единицата;
- се грижи за организирање на наставата (распореди, сесии, докторски семинари и годишни конференции) на единицата;
- задолжително, на крајот на вториот, четвртиот и шестиот семестар спроведува анкета за функционирањето на студиската програма (одобрена од Стручниот совет за докторски студии) со студентите на единицата, која ја доставува до советот на студиската програма;
- изготвува финансиски план за реализација на студиската програма кој се однесува на единицата, кој го доставува до надлежниот орган за одлучување;
- ги изготвува и ги доставува актите и материјалите за прашања од неговата надлежност, до советот на студиската програма, доколку поинаку не е утврдено со овој Правилник;
- ги извршува одлуките на советот на студиската програма;
- врши и други работи утврдени со овој Правилник и работи што ќе му бидат доверени од советот на студиската програма и од органите на единицата, односно придружната членка.

***Претседавач на советот на заедничката студиска програма***

**Член 17**

(1) Во случај на заедничка студиска програма, еден од кораководителите има функција на претседавач на советот на заедничката студиска програма.
(2) Претседавачот на советот на заедничката студиска програма има мандат од една академска година.
(3) Редоследот на едногодишното претседавање со советот на заедничката студиска програма се одредува во актот за организирање на заедничката студиска програма.

**Член 18**

Претседавачот на советот на студиската програма:
- ги свикува и раководи со седниците на советот на студиската програма;
- на крајот на вториот, четвртиот и шестиот семестар, врз основа на спроведените анкети на кораководителите, изготвува интегрална анкета за функционирањето на студиската програма, која ја доставува до Стручниот совет за докторски студии. Формата и содржината на интегралната анкета се утврдуваат од страна на Стручниот совет за докторски студии;
- ги извршува одлуките на советот на студиската програма во рамките на неговиот делокруг на работа;
- ја координира соработката помеѓу советот на студиската програма и Стручниот совет за докторски студии;
- врши и други работи утврдени со овој Правилник и работи што ќе му бидат доверени од Стручниот совет за докторски студии, советот на студиската програма и од органите на единицата или единиците, односно придружната членка.

**Заеднички одредби**

**Член 19**

(1) Одредбите за начинот и постапката на одлучување на Универзитетскиот сенат соодветно се применуваат на начинот и постапката на одлучување на Стручниот совет за докторски студии и на комисиите, утврдени со овој Правилник.
(2) Одредбите за начинот и постапката на одлучување на наставно-научниот совет на факултетот, односно научниот совет на научниот институт, соодветно се применуваат на начинот и постапката на одлучување на советот на студиската програма и на комисиите, утврдени со овој Правилник.
(3) Одлуките на органите и телата од став 1 на овој член се конечни, доколку поинаку не е утврдено со овој Правилник.

### III. Услови, критериуми и постапка за запишување студенти

**Член 20**

(1) Запишувањето на докторските студии се врши врз основа на јавен конкурс, што во соработка со единиците го објавува Универзитетот, по добивање на согласност од Владата на Република Северна Македонија, во најмалку два дневни весника и на веб-страницата на Универзитетот и на организаторите. Називот на конкурсот е: *Конкурс за запишување студенти на трет циклус студии – докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (*во натамошниот текст: Конкурс). На веб-страницата на Универзитетот и на единиците, Конкурсот треба да биде објавен и на англиски јазик.

(2) Постапката за донесување и објавување на Конкурсот е утврдена со закон и со овој Правилник.

(3) Бројот на студентите кои се запишуваат на докторската студиска програма треба да биде во согласност со бројот на слободни места на акредитираните ментори, во согласност со кадровските, просторните, техничките и другите можности на Универзитетот и на единиците, како и со општествените потреби.

(4) Конкурсот се објавува најмалку 5 месеци пред започнувањето на наставата.

(5) Во Конкурсот се наведуваат:
- називот на студиската програма;
- бројот на слободни места за запишување;
- времетраењето на студиите;
- условите за запишување;
- критериумите за селекција;
- износот на школарината и другите давачки;
- доказ за познавање на јазикот согласно со овој Правилник;
- постапките и роковите за пријавување и за запишување на студиите;
- други елементи од значење за Конкурсот.

**Член 21**

На докторски студии можат да се запишат лица кои завршиле соодветни академски студии и кои ги исполнуваат следниве основни услови:
- завршени втор циклус академски студии со стекнати најмалку 300 ЕКТС-кредити од првиот и вториот циклус студии збирно;
- завршени постдипломски студии на студиските програми пред воведувањето на европскиот кредит-трансфер систем, на кои им се признаваат 60 кредити за организирана академска обука и предавања и друг вид комуникациски активности;
- стекната стручна подготовка според студиски програми за регулирани професии, со стекнати најмалку 300 ЕКТС-кредити, или со завршени интегрирани студии со 360 кредити;
- остварен просечен успех од претходно завршеното образование (прв и втор циклус студии посебно, односно на интегрираните студии), од најмалку 8. Наставно-научниот/наставнонаучниот и уметнички/научниот совет, со воведување на дополнителни услови, може да овозможи запишување на кандидат со остварен просечен успех од претходно завршеното образование (прв и втор циклус студии посебно, односно на интегрираните студии), од најмалку 7,5, само по исклучок, доколку се исполнети дополнителните услови утврдени од советот на студиската програма.
- познавање на англиски јазик, што се докажува со уверение или сертификат издаден од Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, за ниво Б2 според Европската јазична рамка на Советот на Европа, меѓународен сертификат за истото ниво издаден од официјален европски тестатор, утврден со конкурсот или диплома за претходно стекнато образование – додипломски студии (прв циклус) и/или постдипломски студии (втор циклус) каде што студиската програма се изведувала на англиски јазик.

**Член 22**

(1) На докторски студии на Фармацевтскиот факултет во Скопје, согласно со препораките и стандардите на Орфеус за докторски студии во биомедицината и

здравствените науки, можат да се запишат и:

- лица кои завршиле според студиска програма од учебната 1992/1993 година, во траење од 5 години, и се стекнале со диплома: *дипломиран фармацевт*;
- лица кои завршиле според студиска програма од учебната 2002/2003 година и се стекнале со диплома: *магистер по фармација*;
- лица кои завршиле според студиска програма од учебната 1981/1982 година, во траење од 4 години, кои се стекнале со диплома: *дипломиран фармацевт* и имаат завршена здравствена специјализација во траење од 3 години.

(2) На Медицинскиот факултет во Скопје, согласно со препораките и стандардите на Орфеус за докторски студии во биомедицината и здравствените науки, можат да се запишат и:

- лица кои завршиле според студиските програми до учебната 2005/2006 година и се стекнале со диплома: *доктор на медицина,* а се во тек на втора половина од здравствена специјализација;
- лица кои завршиле според студиска програма од учебната 2005/2006 година (360 кредити) и се стекнале со диплома: *доктор по медицина,* а се во тек на втора половина од здравствена специјализација;
- лица кои се запишуваат на докторски студии од базична медицина на област за која нема здравствена специјализација, треба да имаат најмалку два in extenso труда како прв автор, публикувани во списанија со меѓународен уредувачки одбор;
- остварен просечен успех од претходно завршено образовние (прв и втор циклус студии посебно, односно на интегрираните студии), од најмалку 8.

(3) На Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје можат да се запишат и:

- лица со завршени интегрирани прв и втор циклус студии од областа на ветеринарната медицина и медицинските науки, односно завршени втор циклус студии од сродните области од природно-математичките и биотехничките науки;
- лица кои завршиле според студиската програма пред воведувањето на европскиот кредит-трансфер систем, во траење од десет семестри, и се стекнале со диплома: *доктор по ветеринарна медицина;*
- лица со завршени специјалистички студии од соодветни и сродни области;
- лица кои завршиле според студиски програми од областа на медицинските науки, пред воведувањето на европскиот кредит-трансфер систем, во траење од десет семестри, и имаат завршено втор циклус студии.

(4) На Стоматолошкиот факултет во Скопје можат да се запишат и:

- лица кои завршиле според студиските програми до учебната 2003/2004 година и се стекнале со диплома: *доктор на стоматологија* или со диплома: *доктор по стоматологија*, а се во тек на втора половина од здравствена специјализација;
- лица кои завршиле според студиските програми од учебната 2003/2004 година и се стекнале со диплома: *доктор по стоматологија*, а се во тек на втора половина од здравствена специјализација;
- лица кои завршиле според студиските програми од учебната 2010/2011 година и се стекнале со диплома: *доктор по дентална медицина*, а се во тек на втора половина од здравствена специјализација.

(5) На Архитектонскиот факултет во Скопје можат да се запишат и:

- лица кои завршиле студии по архитектура по студиските програми пред воведувањето на европскиот кредит-трансфер систем, во траење од десет семестри;
- лица кои се стекнале со звањето специјалист во рамките на третиот циклус студии, при што на овие кандидати им се признаваат најмногу 60 кредити.

(6) На Факултетот за драмски уметности (за филмска и театарска режија) може да се запишат студенти на трет циклус кои, освен основните/општи услови, имаат снимено и презентирано на филмските фестивали најмалку два документарни или играни филма, или поставено најмалку две претстави на професионалните театарски сцени.

**Член 23**

(1) Соодветноста на претходно завршените студии се утврдува од страна на советот на студиската програма.

(2) Наставно-научниот/научниот совет, во зависност од спецификите на научноистражувачката област, може да утврди дополнителни услови за запишување и

критериуми за селекција, кои се составен дел на Конкурсот.

(3) Предлог може да даде и советот на студиската програма.

**Член 24**

Право на запишување на докторски студии имаат и странски државјани согласно со Законот за високото образование и овој Правилник.

**Член 25**

Кандидатот кој се пријавува на Конкурсот е должен да поднесе пријава за конкурирање за запишување на докторски студии, кон која ги приложува сите документи утврдени во Конкурсот.

**Член 26**

(1) По завршувањето на Конкурсот, единицата ја објавува прелиминарната листа на примени кандидати на докторски студии, за секоја студиска програма.

(2) За кандидатите кои не ги исполнуваат условите и критериумите за запишување на докторски студии, се објавува посебна листа.

(3) Листите од став 1 и 2 на овој член се објавуваат на веб-страницата на единицата. Објавата се врши така што личното име на кандидатите се означува со шифра/код која е позната само на кандидатот и на советот на студиската програма.

**Член 27**

(1) Прелиминарната листа се формира врз основа на условите и критериумите, утврдени со овој Правилник и со Конкурсот.

(2) Прелиминарната листа на примени кандидати и листата на кандидати кои не ги исполнуваат условите и критериумите се утврдуваат од страна на советот на студиската програма, односно советот на заедничката студиска програма.

**Член 28**

(1) Кандидатите имаат право на приговор на листата од член 27, став 2 на овој Правилник.

(2) Приговорот се поднесува во писмена форма до советот на студиската програма, односно советот на заедничката студиска програма.

(3) Одлуката на советот на студиската програма, односно советот на заедничката студиска програма по приговорот е конечна.

**Член 29**

(1) По завршувањето на постапката по приговорите, советот на студиската програма, односно советот на заедничката студиска програма, ја доставува листата на примени кандидати до Стручниот совет за докторски студии.

(2) Стручниот совет за докторски студии ја утврдува конечната листа на примени кандидати, за секоја студиска програма посебно, ја доставува до организаторот на студиската програма и ја објавува на веб-страницата на Универзитетот со шифра/код.

(3) Утврдената листа на примени кандидати е конечна.

**Член 30**

Роковите за пријавување на кандидатите, за објавување на листите, за одлучување по приговори и за другите елементи поврзани со постапката за запишување, се утврдуваат со Конкурсот.

**Член 31**

Менторот потпишува првична согласност за прифаќање на обврските за ментор, при конкурирање на студентите и конечна согласност, по приемот на студентите на трет циклус – докторски студии.

**Член 32**

(1) При запишувањето, студентите потпишуваат договор за студирање.

(2) Договорот се потпишува од раководителот на студиската програма, деканот/директорот на единицата и студентот.

(3) Кога студиската програма е организирана од две или повеќе единици, договорот за студирање се потпишува од кораководителот на заедничката студиска програма и деканот, односно директорот на единицата во која е менторот на студентот и студентот.

(4) Стручните, административните и техничките работи поврзани со студентите на студиската програма која е организирана од две или повеќе единици се вршат во единицата во која е вработен менторот на студентот, односно со која студентот склучил договор за студирање.

## IV. Структура на студиските програми

**Член 33**

(1) Докторските студии опфаќаат активна истражувачка работа под менторство, траат најмалку три години и носат најмалку 180 ЕКТС-кредити.

(2) Студиските програми се состојат од:
- организирана академска обука, која содржи обука за истражување, напредни и стручни курсеви (предмети за стекнување генерички знаења и предмети за академска обука за стекнување напредни и стручни знаења), што се вреднува со 42 ЕКТС-кредити;
- независен истражувачки проект за изработка на докторскиот труд под менторство (докторски проект), што содржи истражувачка работа под менторство и поднесување на предлог-докторски проект за изработка на докторски труд и се вреднува со 41 ЕКТС-кредит;
- меѓународна мобилност, најмалку еднонеделен престој, што се вреднува со 6 ЕКТС-кредити;
- предавања и друг вид комуникациски активности, што содржи учество на семинари и конференции, што се вреднува со 18 ЕКТС-кредити;
- објавување во референтни научни публикации и активно учество на меѓународни собири во врска со докторскиот труд, што се вреднува со 27 ЕКТС-кредити;
- изработка и јавна одбрана на докторски труд врз основа на докторски проект, што се вреднува со 46 ЕКТС-кредити.

(3) Табеларниот приказ на структурата на студиските програми е дадена во прилог на овој Правилник (Прилог 1).

(4) Докторскиот труд од областа на уметностите се состои од два дела: теоретски дел и јавна изведба/прикажување на уметничко дело или изложба.

### Организирана академска обука

**Член 34**

(1) Академската обука содржи:
- два задолжителни предмета од областа за стекнување генерички знаења и вештини за истражување, Етика во научноистражувачката работа и Методологија на научноистражувачка работа;
- предметот Етика во научноистражувачката работа, што се вреднува со 3 ЕКТС-кредити, го води наставник акредитиран на студиска програма;
- предметот Методологија на научноистражувачка работа, што се вреднува со 3 ЕКТС-кредити, го води наставник акредитиран на студиска програма;
- еден изборен предмет за стекнување генерички знаења и вештини за истражување од универзитетската листа на изборни предмети од трет циклус студии, што го води наставник на акредитирана студиска програма и се вреднува со 6 ЕКТС-кредити. Изборниот предмет треба да биде од акредитирана студиска програма од универзитетска листа на изборни предмети;
- пет предмети од акредитираната студиска програма за стекнување напредни знаења од областа на истражување, што се вреднуваат со по 6 ЕКТС-кредити.

(1) Академската обука се организира и се реализира од страна на единицата.

**Член 35**

(1) Наставата на докторските студии се организира во два основни облика:
- групна настава;
- индивидуална настава.

(2) Групната настава претставува главниот облик на настава на докторските студии. За да се одржи групна настава, бројот на студенти треба да е најмалку 5.

(3) Индивидуална настава се одржува во вид на консултации.

**Член 36**

Начинот на изведување на наставата, условите за напредување во текот на студиите, начинот на проверка на знаењата, запишувањето предмети и другите обврски согласно со студиската програма (конференции, семинари и слично) се утврдуваат со студиска програма.

**Член 37**

(1) Студентот, во договор со менторот, избира предмети за стекнување генерички знаења и вештини за истражување и предмети за едукација од полето или областа на истражување.
(2) Избраните предмети се запишуваат во соодветната студентска евиденција и во индексот на студентот.
(3) Промена на избраните предмети е можна со поднесување молба за промена на предметот, со плаќање надомест утврден со акт на Универзитетот.
(4) Одлука за промена на избраните предмети донесува советот на студиската програма.

**Член 38**

(1) Пред почетокот на секоја учебна година, советот на студиската програма донесува план за ангажирање на наставниците за докторските студии, за соодветната студиска програма.
(2) Еден наставник може да изведува настава на најмногу три предмети, на една студиска програма за докторски студии. Во случај некој предмет да биде поделен на два или повеќе наставници, таквиот предмет пропорционално се пресметува во квотата за секој наставник.
(3) Еден студент на докторски студии кај еден наставник, може да посетува и да полага најмногу два предмета, при што наставата за предметите за стекнување генерички знаења не се земаат предвид.

**Учество на визитинг-наставници во реализацијата на докторските студии**
**Член 39**

(1) Во реализацијата на докторските студии може да учествуваат и визитинг-наставници од други универзитети од земјата и од странство, под услови утврдени со закон, со Статутот на Универзитетот и со овој Правилник.
(2) Одлука за ангажирање на лицата од став 1 на овој член донесува наставно-научниот /наставно-научниот и уметнички/научниот совет, а претходно одобрение дава Ректорската управа на Универзитетот. Предлог до наставно-научниот/наставно-научниот и уметнички/научниот совет може да даде советот на студиската програма.

**Независен истражувачки проект под менторство (докторски проект)**
**Член 40**

Изработката на независен истражувачки проект под менторство (докторски проект) опфаќа:

- истражувачка работа под менторство (подготовка на предлог-докторски проект). Кандидатот доставува пишан материјал во форма на извештај, потпишан од менторот, што се вреднува со 14 ЕКТС-кредити;
- поднесување на предлог-докторски проект, што се вреднува со 27 ЕКТС-кредити.

**Меѓународна мобилност**
**Член 41**

(1) Меѓународна мобилност се остварува врз основа на претходна согласност на менторот.
(2) Реализираната меѓународна мобилност се вреднува со 6 ЕКТС-кредити.
(3) Извештај за реализирана меѓународна мобилност, подготвен од студентот и одобрен од менторот, е дел од досието на студентот и усвоен од Советот за докторски студии.
(4) Под меѓународна мобилност се подразбира најмалку еднонеделен престој на студентот на универзитет или научна установа во странство во текот на докторските студии, што се потврдува со писмо, потврда или друг вид доказ за престој и реализирани активности, издадени од страна на домаќинот.

**Предавања и друг вид комуникациски активности**
**Член 42**

(1) Семинарите и годишните конференции на докторските студии се задолжителни и се реализираат со повеќе видови комуникациски активности за презентирање на истражувачките резултати. Севкупно се вреднуваат со 18 ЕКТС-кредити.
(2) Семинарите се реализираат во рамки на студиските програми, во третиот и во петтиот семестар, и резултираат со изготвување на труд од страна на студентот. Секој семинар се вреднува со 3 ЕКТС-кредити.
   - За семинарот во третиот семестар, студентот поднесува пријава и пишан труд во обем над 5 страници, со преглед на елементи од истражувањето, поврзани

со изготвување предлог-проект за докторскиот труд.

- За семинарот во петтиот семестар, студентот поднесува пријава и пишан труд во обем над 10 страници, каде што изнесува елементи од резултатите поврзани со истражувањето и изработката на докторскиот труд.
- Валоризацијата на кредитите за семинарите од третиот и петтиот семестар ја врши трочлена комисија, определена од советот на студиската програма, по правило составена од: менторот и два члена од потесната област. Комисијата изготвува рецензија за трудот и ја доставува до советот на студиската програма.
- Пријавата, трудот и рецензијата за семинарите од третиот и петтиот семестар се дел од досието на студентот.

(3) Универзитетската школа за докторски студии може да организира заеднички семинари со други универзитети од земјата и од странство.

(4) Годишните конференции се организираат од советите на студиските програми, во координација со Универзитетската школа за докторски студии и во согласност со годишниот академски календар на Универзитетската школа за докторски студии. Тие се реализираат во вториот, четвртиот и во шестиот семестар, со јавна презентација од страна на кандидатите. Секоја конференција се вреднува со 4 ЕКТС-кредити.

- За конференцијата во вториот семестар, студентот поднесува: пријава, краток труд кој содржи преглед на актуелната литература поврзана со истражување на специфична област, како можност за изработката на докторскиот труд, презентација за пишаниот текст и реализира јавна презентација.
- За конференцијата во четвртиот и во шестиот семестар, студентот поднесува пријава, презентација на рецензираниот труд од семинарот во претходниот семестар и реализира јавна презентација.
- Валоризацијата на кредитите за конференциите што се одржуваат во вториот, четвртиот и во шестиот семестар ја врши трочлена комисија, составена од: член на Стручниот совет за докторски студии, од подрачјето на студиската програма, раководителот, односно кораководителот на студиската програма и менторот.
- За секоја јавна презентација, комисијата изготвува записник за учество на конференцијата и реализираната јавна презентација од страна на студентот. Едниот примерок е дел од досието на студентот.
- На веб-страницата на единицата на која се реализира студиската програма на докторските студии, задолжително се објавува датумот на одржување на конференцијата, местото и агендата со листа на учесници и наслови на трудовите. Објавата треба да се реализира најдоцна седум дена пред датумот на одржување.

**Објавување во референтни научни публикации и активно учество на меѓународни собири во врска со докторскиот труд**

**Член 43**

(1) Советот на студиската програма ќе дозволи одбрана на докторски труд, кога кандидатот објавил најмалку два труда во референтна научна публикација, согласно со Законот за високото образование, како прв автор или автор за кореспонденција. Трудовите мора да бидат во врска со предметот на истражување на докторскиот труд, објавени во периодот на студирање на третиот циклус – докторски студии. Во студиската програма може попрецизно да се дефинираат видот и форматот на трудовите и видот на референтната научна публикација, што се предуслов за одбрана на докторскиот труд.

(2) Активностите поврзани со објавувањето на двата труда во референтна научна публикација се вреднуваат вкупно со 20 ЕКТС-кредити.

(3) Активното учество на најмалку еден меѓународен собир во врска со докторскиот труд се потврдува со потврда (сертификат) за учество и извештај изготвен од кандидатот и потпишан од менторот. Активноста за учество на меѓународни собири во врска со докторскиот труд се вреднува со 7 ЕКТС-кредити.

(4) Советот на студиската програма од областа на уметностите ќе дозволи одбрана на докторски труд на кандидат на докторски студии од областа на уметноста, кога кандидатот ќе приложи доказ за најмалку две јавно изведени или прикажани сценско-изведувачки или аудиовизуелни уметнички

дела (сценарио, драмски текст објавен или јавно сценски прочитан), на репертоар во професионален театар, филмски фестивал, изложба, концертна или сценска изведба на солистичко дело, солистички концерт, самостојна изложба на уметнички дела, театарска претстава, филм или радио-телевизиска емисија и друго. Уметничките дела мора да бидат реализирани во период најмногу од пет години, пред одбраната на докторскиот труд, односно во периодот на студирање на докторските студии.

(5) Објавувањето во референтни научни публикации и активно учество на меѓународни собири во врска со докторскиот труд се врши во согласност со член 136, став 18, точка 5 од Законот за високото образование.

**Изработка и јавна одбрана на докторскиот труд врз основа на докторскиот проект**

**Член 44**

(1) Активностите поврзани со изработката и јавната одбрана на докторскиот труд опфаќаат:
- IV семестар: изработка на докторскиот труд, што се вреднува со 20 ЕКТС-кредити;
- VI семестар: одбрана на докторскиот труд, што се вреднува со 26 ЕКТС-кредити.

(2) Извештај за валоризација на кредитите за активностите од став 1, алинеа 1 на овој член подготвува студентот, а го одобрува менторот.

**Ментор**

**Член 45**

(1) Ментор на докторски труд може да биде редовен или вонреден професор од соодветната научна област кој е вработен на Универзитетот, редовен или вонреден професор чиј работен однос е во мирување или редовен професор во пензија, кој бил во работен однос на Универзитетот.

(2) Менторот на докторскиот труд треба да е акредитиран за ментор на докторски студии од страна на Одборот за акредитација.

**Член 46**

(1) За секоја акредитирана студиска програма, пред објавувањето на Конкурсот, советот на студиската програма утврдува листа на акредитирани ментори кои имаат слободни места и ја доставува до Стручниот совет за докторски студии.

(2) Листата на ментори се дополнува со нови акредитирани ментори и со ментори за кои се ослободува место за студенти во рамките на роковите за пријавување. Листата на ментори се обновува на веб-страницата на единицата.

**Член 47**

(1) Менторот:
- го советува, го насочува и го води студентот во текот на студиите;
- остварува консултации со студентот;
- го упатува студентот во литературата;
- му помага на студентот при изборот на предметите;
- му помага и го воведува студентот во методот на анализа на предметот на истражување и во методот на научноистражувачката работа воопшто;
- дава мислења, сугестии, забелешки и предлози во текот на изработката на докторскиот труд;
- му помага на студентот за одредување на обемот, содржината и начинот на излагањата на научните резултати од докторскиот труд;
- поднесува, најмалку еднаш во годината, писмен извештај до соодветниот совет на студиската програма, во кој се вреднува успешноста на студентот во неговата работа;
- учествува во работата на докторските семинари и конференции;
- ги реализира одлуките на органите и телата на Универзитетската школа за докторски студии и на органите на Универзитетот;
- врши и други работи согласно со студиската програма и со овој Правилник.

(2) По предлог на студентот и менторот, советот на студиската програма може да му назначи коментор на студентот од друга студиска програма, како и од друг универзитет во земјата или од странство.

(3) Коменторот од друг универзитет од земјата или од странство треба да ги исполнува условите за ментор. Одлука за исполнување на условите на коменторот од странство донесува советот на студиската програма, согласно со условите утврдени со закон.

(4) Коменторот му помага на студентот и работи во согласност со насоките, упатствата и сл. дадени од менторот.

(5) Коменторот може да води најмногу 3 студенти.

**Промена на ментор**
**Член 48**

(1) Во текот на студиите може да се изврши промена на ментор.
(2) Барање за промена на ментор можат да поднесат менторот и студентот заедно, само менторот или само студентот.
(3) Во случај кога советот на студиската програма ќе го усвои барањето за промена на менторот, студентот треба да избере друг ментор од соодветната листа на ментори, а изборот го потврдува советот на студиската програма доколку има писмена согласност од новиот ментор.
(4) Ако постои спор помеѓу менторот и студентот во поглед на барањето за промена, советот на студиската програма ги разгледува и ги утврдува причините за промена.
(5) По спроведената постапка од ставот 4 на овој член, советот на студиската програма може да го усвои или да го одбие барањето за промена на ментор. Во случај кога советот на студиската програма ќе го усвои барањето за промена на ментор, студентот треба да избере друг ментор од соодветната листа на ментори, а изборот го потврдува советот на студиската програма доколку има писмена согласност од новиот ментор.
(6) Во случај кога барањето за промена на ментор поднесено од студентот е усвоено, а на студентот претходно му е прифатен предлог-докторски проект, тој го губи правото на одбрана на прифатениот предлог-докторски проект.
(7) Студентот од став 6 на овој член има право да поднесе друг предлог-проект за докторски труд. По исклучок, во случаи кога студентот има согласност од дотогашниот ментор, како и согласност од новиот ментор, има право да продолжи со работа на прифатениот предлог-докторски проект.
(8) Советот на студиската програма донесува одлука за промена на ментор по службена должност, во случај на спреченост на менторот подолга од 6 месеци.
(9) Промена на ментор настанува и во други случаи утврдени со овој Правилник.

## V. Постапка за пријава, оцена и одбрана на докторски труд, односно изработка и/или изведба на уметничко дело

**Член 49**

(1) За пријава, оцена и одбрана на докторски труд, односно изработка и/или изведба на уметничко дело, по предлог на советот на студиската програма, одлуки донесува наставно-научниот, наставно-научниот и уметнички, односно научниот совет на единицата, на начин и во постапка утврдени со Статутот на Универзитетот и со овој Правилник.
(2) Кога студиската програма е организирана од две или повеќе единици, одлуките од став 1 на овој член ги донесува наставно-научниот, односно научниот совет на единицата во која е менторот на студентот.

***Пријава на тема со предлог-докторски проект за изработка на докторски труд***
**Член 50**

(1) По остварени 60 ЕКТС-кредити, од кои 42 ЕКТС-кредити од задолжителните и изборните предмети, најмалку 4 ЕКТС-кредити од конференција и 14 ЕКТС-кредити од истражувачка работа под менторство, студентот преку советот на студиската програма, до наставно-научниот/наставно-научниот и уметнички/научниот совет, може да поднесе пријава на тема со предлог-проект за изработка на докторски труд (во натамошниот текст: предлог-докторски проект за изработка на докторски труд).

**Член 51**

(1) Предлог-докторскиот проект за изработка на докторски труд треба да содржи:
- наслов на темата;
- преглед на достигнувањата во научноистражувачката област, поврзани со предметот на истражување;
- предмет на истражување;
- цели на истражувањето;
- образложение на работните хипотези и тези;
- нацрт на содржината;
- научни методи кои ќе се применат;
- очекуван научен придонес;
- примена на резултатите од истражувањето;
- список на литература и други извори.

(2) За докторските трудови, кога е потребно, се бара и согласност од овластената етичка

комисија на соодветната единица на Универзитетот, како и согласност од стручен колегиум или друг надлежен орган на институцијата, каде што ќе се работи докторскиот труд.

(3) Кога истражувањето се врши во странство, согласност од овластена етичка комисија дава и установата во странство.

***Комисија за оцена на поднесениот предлог-докторски проект за изработка на докторски труд***

**Член 52**

(1) Наставно-научниот, наставно-научниот и уметнички, односно научниот совет, по предлог на советот на студиската програма, формира комисија за оцена на предлог-докторски проект за изработка на докторскиот труд.

(2) Комисијата од став 1 на овој член е составена од три члена со наставно-научни и научни звања од единицата, односно од друга единица на Универзитетот или од универзитет од странство од кои најмалку два се од соодветната научна област, од која е предлог-докторскиот проект за изработка на докторскиот труд. Менторот е член на оваа комисија.

(3) Кај студиските програми од уметностите, советот на студиската програма формира комисија од три члена, и тоа: еден член за делот на пишаниот научен труд, еден член за делот на концертната изведба, за делот на сценско-изведувачкото или аудиовизуелното дело и еден член од соодветното поле.

***Доработка на предлог-докторски проект за изработка на докторски труд***

**Член 53**

(1) Комисијата за оцена на предлог-проектот за изработка на докторскиот труд, со образложено мислење, може да му го врати предлог-докторскиот проект на студентот за доработка.

(2) Студентот е должен да го доработи предлог-докторскиот проект за изработка на докторскиот труд, во рок кој не е подолг од 60 дена, од денот на враќањето.

(3) Предлог-докторски проект за изработка на докторскиот труд може да биде вратен за доработка само еднаш.

(4) Ако студентот не го врати доработениот предлог-проект за изработка на докторскиот труд во утврдениот рок, на првата наредна седница, наставно-научниот, наставно-научниот и уметнички, односно научниот совет, по предлог на советот на студиската програма и на комисијата за оцена на предлог-докторски проект за изработка на докторскиот труд, донесува одлука за запирање на постапката за пријавената тема со предлог-докторски проект за изработка на докторски труд и за тоа го известува студентот.

(5) Во случајот од став 4 од овој член, студентот има право само уште еднаш да поднесе пријава на тема со предлог-докторски проект за изработка на докторски труд од истата научноистражувачка област.

***Извештај на комисијата за оцена на предлог-проектот за изработка на докторски труд***

**Член 54**

(1) Комисијата за оцена на предлог-докторскиот проект за изработка на докторскиот труд е должна во рок од три месеци од денот на нејзиното формирање да поднесе извештај преку советот на студиската програма до наставно-научниот, наставно-научниот и уметнички, односно научниот совет, со предлог за прифаќање или неприфаќање на предлог-докторскиот проект за изработка на докторски труд. Во овој рок не влегуваат деновите предвидени за доработка од член 52, став 2 од овој Правилник. Извештајот го пишува менторот во консултација со останатите членови.

(2) Извештајот го потпишуваат сите членови на комисијата.

(3) Во случај кога извештајот од став 1 од овој член не е потпишан од сите членови на комисијата, составен дел на извештајот е и издвоеното мислење на членот, кој не го потпишал.

(4) Рокот од став 1 на овој член не тече во периодот од 15 јули до 25 август во календарската година.

**Член 55**

(1) Ако комисијата за оцена на предлог-докторскиот проект за изработка на докторски труд не го запази утврдениот рок за поднесување на извештај од член 52, став 1 од овој Правилник, на првата наредна седница на наставно-научниот, наставно-научниот и уметнички, односно научниот совет, по предлог на советот на студиската програма, се формира нова комисија за оцена. Менторот е член на оваа комисија.

**Член 56**

(1) Должината на извештајот на комисијата за оцена на предлог-докторскиот проект за изработка на докторски труд изнесува од 5 до 10 страници, А4-формат, со единечен проред. Извештајот содржи:
- име на кандидатот и работен наслов на трудот;
- образложување на темата, која треба да содржи:
  - предмет на истражување,
  - состојба на научноистражувачката област во која се работи докторскиот труд,
  - цел на изработка на трудот,
  - очекуван научен придонес;
- доколку се очекува резултатите да се практично применливи, тоа треба да се нагласи;
- заклучок со предлог до наставно-научниот, наставно-научниот и уметнички, односно научниот совет и до советот на студиската програма;
- оригинални потписи на членовите на комисијата.

***Одлука на наставно-научниот, наставно-научниот и уметнички, односно научниот совет по предлог-докторскиот проект за изработка на докторски труд***

**Член 57**

(1) По приемот на извештајот од комисијата за оцена на предлог-докторскиот проект за изработка на докторскиот труд, на првата наредна седница, наставно-научниот, наставно-научниот и уметнички, односно научниот совет, донесува одлука за прифаќање или неприфаќање на предлог-докторскиот проект за изработка на докторскиот труд.

(2) Ако наставно-научниот, наставно-научниот и уметнички, односно научниот совет донесе одлука за прифаќање на предлог-докторскиот проект за изработка на докторскиот труд, кандидатот ја продолжува постапката за стекнување научен степен – доктор на науки.

(3) Ако наставно-научниот, наставно-научниот и уметнички, односно научниот совет донесе одлука за неприфаќање на предлог-докторскиот проект за изработка на докторскиот труд, постапката за стекнување научен степен – доктор на науки се запира. Во овој случај, студентот има право само уште еднаш да поднесе предлог-докторски проект за изработка на докторски труд од истата научноистражувачка област.

(4) Работниот наслов на предлог-докторскиот проект за изработка на докторскиот труд од став 2 и 3 од овој член се објавува во Билтенот на Универзитетот и на веб-страницата на единицата, на македонски и на англиски јазик.

**Докторски труд**

**Член 58**

(1) Докторскиот труд претставува оригинален научен труд, кој, според методологијата на изработка и степенот на научниот придонес, е соодветен за стекнување самостојност на студентот, во идната истражувачка работа.

(2) Докторскиот труд од областа на уметностите се состои од два (2) дела:
- теоретски дел (пишан научен труд);
- јавна изведба (прикажување на уметничко дело или изложба, концертна или сценска изведба на солистичко дело, солистички концерт, самостојна изложба на уметнички дела, театарска претстава, филм или радио-телевизиска емисија и друго).

**Изработка на докторски труд**

**Член 59**

(1) Конечниот наслов на докторскиот труд не смее значително да отстапува од работниот наслов.

(2) Во случаите од став 1 на овој член, по предлог на советот на студиската програма, одлука донесува наставно-научниот, наставно-научниот и уметнички, односно научниот совет.

(3) Содржината на докторскиот труд треба да е во согласност со објавениот работен наслов на докторскиот проект.

**Член 60**

Докторскиот труд треба да е напишан според стандардите утврдени со акт на Стручниот совет за докторски студии.

**Член 61**

(1) На студиските програми кои се изведуваат на македонски јазик, докторскиот труд задолжително се пишува на македонски јазик, а може да се пишува и на англиски јазик.

(2) На студиските програми кои се изведуваат на англиски јазик, докторскиот труд се пишува на англиски јазик, а се доставува и

примерок за библиотека на македонски јазик.

(3) По исклучок, доколку студиската програма се реализира на јазик различен од македонскиот или англискиот, докторскиот труд се пишува на соодветниот јазик со превод на македонски јазик.

(4) Прилог на докторскиот труд е авторезимето, кое се пишува на македонски јазик и на еден од светските јазици.

(5) Авторезимето треба да е напишано според стандардите утврдени со акт на Стручниот совет за докторски студии.

**Поднесување на докторски труд**
**Член 62**

(1) Студентот стекнува право да го предаде докторскиот труд под следниве услови:
- остварени 154 ЕКТС-кредити;
- објавени најмалку два труда во референтна научна публикација, согласно со Законот за високото образование и овој Правилник, како прв автор или автор за кореспонденција;
- за докторските студии од областа на уметностите, јавно изведени или прикажани најмалку две сценско-изведувачки или аудиовизуелни уметнички дела на репертоар во професионален театар, филмски фестивал, изложба, концертна или сценска изведба на солистичко дело, солистички концерт, самостојна изложба на уметнички дела, театарска претстава, филм или радио-телевизиска емисија и друго;
- условот од алинеја 2 на овој член не се однесува на докторските студии од областа на уметноста.

(1) Докторскиот труд студентот го поднесува во седум еднообразни примероци, во печатена и во електронска форма.

**Комисија за одбрана на докторски труд**
**Член 63**

(1) Наставно-научниот, наставно-научниот и уметнички, односно научниот совет, на првата наредна седница по приемот на докторскиот труд, по предлог на советот на студиската програма, формира комисија за одбрана.

(2) Комисијата од став 1 на овој член се состои од пет члена, од кои најмалку три се од Универзитетот, од соодветната научноистражувачка област.

(3) Членови на комисијата од став 1 од овој член треба да бидат лица избрани во наставно-научните звања редовен професор или вонреден професор.

(4) Во комисијата од став 1 од овој член, член не може да биде лице кое со лицето кое го брани докторскиот труд е роднина по крв, во права линија до кој и да е степен, а во странична линија до четврти степен, или му е брачен другар, лице со кое живее во вонбрачна заедница или роднина по сватовство до втор степен.

(5) Членовите на комисијата од став 1 од овој член не смеат меѓусебно да бидат роднини по крв во права линија до кој и да е степен, а во странична линија до четврти степен, или да се брачни другари, лица кои живеат во вонбрачна заедница или роднини по сватовство до втор степен.

(6) Член на комисијата од овој член, под истите услови определени со закон за членови на комисија, може да биде и наставник од високообразовна установа од земјата и од странство.

(7) Првиот член на комисијата за одбрана е нејзин претседател.

(8) Менторот е член на комисијата за одбрана, но не може да биде претседател.

**Член 64**

(1) Докторскиот труд мора да ѝ биде достапен на јавноста најмалку 15 дена на веб-страницата на единицата на која се реализира студиската програма. Трудот се поставува по прифаќањето на извештајот од комисијата.

(2) Во рокот од став 1 од овој член, може да се доставаат забелешки на докторскиот труд до комисијата за одбрана.

(3) Комисијата за одбрана ги разгледува доставените забелешки и донесува мислење по нив.

(4) Мислењето од став 3 од овој член е интегрален дел на извештајот на комисијата.

**Извештај на комисијата за одбрана на докторскиот труд**
**Член 65**

(1) Комисијата за одбрана на докторскиот труд е должна извештајот, преку советот на студиската програма, да го поднесе до наставно-научниот, наставно-научниот и уметнички, односно научниот совет.

(2) Во случај кога извештајот од став 1 од овој член не е потпишан од сите членови на комисијата, составен дел на извештајот претставува и издвоеното мислење на членот кој не го потпишал.

(3) Комисијата во рок од три месеци од нејзиното формирање има право да достави забелешки до кандидатот по доставениот труд. Кандидатот во рок од три месеци треба да постапи по забелешките. На кандидатот може да му се определи и дополнителен рок, за кој одлучува советот на студиската програма.

(4) Извештајот од став 1 од овој член се поднесува во рок од еден месец по истекот на роковите од став 3 на овој член.

(5) Роковите од ставовите 3 и 4 на овој член не течат во периодот од 15 јули до 25 август во календарската година.

(6) Ако комисијата за одбрана на докторскиот труд не поднесе забелешки, односно извештај во утврдените рокови од ставовите 3 и 4 на овој член, наставно-научниот, наставно-научниот и уметнички, односно научниот совет, по предлог на советот на студиската програма, на првата наредна седница формира друга комисија за одбрана, од кои тројца членови се нови.

(7) Должината на извештајот за оцена на докторскиот труд, поднесен од комисијата за одбрана на докторскиот труд, изнесува 10 – 15 страници, А4-формат, со единечен проред. Извештајот содржи:

- датум и реден број на седницата на наставно-научниот, наставно-научниот и уметнички, односно научниот совет на која е формирана комисија за одбрана на докторскиот труд, податоци за кандидатот и наслов на трудот;
- анализа на трудот, која содржи:
- • податоци за предмет на истражување,
- • податоци за состојбата на подрачјето во кое е работен докторскиот труд,
- • краток опис на применетите методи,
- • краток опис на резултатите од истражувањето;
- заклучок, кој содржи:
- • главни научни придонеси на кандидатот,
- • подрачје на примена и ограничувања,
- • можни понатамошни истражувања,
- • заклучок со предлог до наставно-научниот, наставно-научниот и уметнички, односно научниот совет;
- извештај од кандидатот за реализирана меѓународна мобилност, усвоен од советот на студиската програма;
- оригинални потписи на сите членови на комисијата (доколку нема издвоени мислења);
- потпишани издвоени мислења, доколку ги има.

**Објавување на извештајот**
**Член 66**

(1) Извештајот на комисијата за одбрана на докторскиот труд, пред да биде доставен до наставно-научниот, наставно-научниот и уметнички, односно научниот совет, се објавува во Билтенот на Универзитетот.

(2) Секое физичко или правно лице, во рок од 15 дена од објавувањето, има право во писмена форма да достави забелешки и предлози во врска со докторскиот труд и извештајот на комисијата за одбрана на докторскиот труд.

(3) Комисијата за одбрана на докторскиот труд е должна да ги разгледа забелешките и да достави мислење до наставно-научниот, наставно-научниот и уметнички, односно научниот совет, на седницата на која се разгледува извештајот.

(4) На седницата на наставно-научниот, наставно-научниот и уметнички, односно научниот совет, предмет на разгледување, покрај извештајот на комисијата од став 1 на овој член, е и мислењето на комисијата од став 3 на овој член.

**Одлуки на**
**наставно-научниот, наставно-научниот и уметнички, односно научниот совет**
**Член 67**

(1) Наставно-научниот, наставно-научниот и уметнички, односно научниот совет одлучува по извештајот на првата наредна седница, по истекот на рокот од член 65, став 3 од овој Правилник.

(2) Ако наставно-научниот, наставно-научниот и уметнички, односно научниот совет го усвои позитивниот извештај на комисијата за одбрана на докторскиот труд, се закажува јавна одбрана на докторскиот труд.

(3) Ако наставно-научниот, наставно-научниот и уметнички, односно научниот совет не го прифати позитивниот извештај на комисијата за одбрана, донесува одлука за запирање на постапката за стекнување научен степен – доктор на науки и за тоа го известува студентот. Студентот нема право

повторно да го поднесе докторскиот труд на ниту една единица на Универзитетот.

(4) Ако наставно-научниот, наставно-научниот и уметнички, односно научниот совет го усвои негативниот извештај на комисијата за одбрана на докторскиот труд, донесува одлука за запирање на постапката за стекнување научен степен – доктор на науки и за тоа го известува студентот. Студентот нема право повторно да го поднесе истиот докторски труд на ниту една единица на Универзитетот.

(5) Ако наставно-научниот, наставно-научниот и уметнички, односно научниот совет не го прифати негативниот извештај на комисијата за одбрана на докторскиот труд, донесува одлука за формирање друга комисија, од кои три се нови членови, за одбрана на докторскиот труд, и постапката понатаму тече според одредбите од овој Правилник.

**Јавна одбрана**
**Член 68**

(1) Во средствата за јавно информирање се објавуваат името и презимето на кандидатот за доктор на науки, насловот на докторскиот труд, како и местото, денот и времето за одбрана, најдоцна 7 дена пред денот утврден за одбрана.

(2) Одбраната на докторскиот труд се одржува најрано 8 дена, а најдоцна 30 дена од денот на одлуката на наставно-научниот, наставно-научниот и уметнички, односно научниот совет.

(3) Одбраната на докторскиот труд е јавна.

(4) Со одбраната на докторскиот труд раководи претседателот на комисијата за одбрана.

(5) За текот на одбраната на докторскиот труд се води записник.

**Член 69**

(1) На почетокот на одбраната, претседателот на комисијата за одбрана:
- ги изнесува биографските податоци на кандидатот за доктор на науки во соодветната научноистражувачка област;
- ги запознава присутните со: текот на постапката за стекнување научен степен – доктор на науки, пријавата на докторскиот труд, поднесувањето на докторскиот труд на увид и оцена, како и со одлуката на наставно-научниот, наставно-научниот и уметнички, односно научниот совет;
- го чита заклучокот на извештајот на комисијата за одбрана на докторскиот труд.

(2) По својот воведен збор, претседателот на комисијата бара кандидатот во кратки црти да го изложи својот докторски труд, со посебен осврт на научниот придонес кој во него се содржи.

(2) Потоа, кандидатот ги изложува резултатите од докторскиот труд, по правило во траење до 30 минути.

(1) (4)По излагањето на кандидатот, членовите на комисијата за одбрана поставуваат прашања кои се однесуваат на докторскиот труд. Кандидатот е должен да одговори на сите прашања од комисијата.

(3) Кога кандидатот ќе заврши со изложувањето на докторскиот труд, претседателот на комисијата за одбрана се обраќа до присутните и ги известува дека тие можат да му постават прашања на кандидатот во врска со докторскиот труд. Прашањата се поставуваат во писмена форма и се доставуваат до претседателот на комисијата за одбрана. Кандидатот е должен да одговори на прашањата, за кои претседателот на комисијата за одбрана смета дека се поврзани со докторскиот труд.

(4) Кога комисијата за одбрана ќе утврди дека се исцрпени сите дискусии во врска со докторскиот труд, претседателот на комисијата соопштува дека одбраната е завршена и комисијата за одбрана се повлекува заради донесување одлука. Одлуката се донесува со мнозинство гласови од вкупниот број и тоа се внесува во записникот за јавна одбрана.

(5) По донесувањето на одлуката и составувањето на записникот, комисијата се враќа во просторијата во која се одржува одбраната. Претседателот на комисијата за одбрана ги чита записникот за одбраната и одлуката на комисијата.

**Член 70**

(1) По спроведената постапка за одбрана на докторскиот труд, одлуката може да гласи: кандидатот го одбранил докторскиот труд или кандидатот не го одбранил докторскиот труд.

(2) Во случај кога кандидатот го одбранил докторскиот труд, при што покажал натпросечни резултати во научно-истражувачката работа и во изработката

на докторскиот труд, може да се доделат следниве почести:
- го одбранил докторскиот труд со почести (cum laude);
- го одбранил докторскиот труд со големи почести (magna cum laude);
- го одбранил докторскиот труд со сите почести (summa cum laude).

(3) Добиените почести се дел од додатокот на дипломата.

(4) Посебните критериумите за добивање почести ги определува единицата, односно единиците во кои се реализира студиската програма, врз основа на основните критериуми утврдени од Стручниот совет за докторски студии.

**Научен назив**
**Член 71**

(1) Кандидатот кој одбранил докторски труд се стекнува со научниот назив доктор на науки (dr.sc, PhD) од соодветното научноистражувачко подрачје, односно поле, односно област. За одбранет докторски труд од уметностите се стекнува називот доктор на уметности (dr.art).

(2) Научниот назив со кој се стекнува кандидатот е дефиниран во студиската програма, според која кандидатот ги завршил докторските студии.

## VI. Издавање на јавни исправи

***Уверение***
**Член 72**

(1) По одбраната на докторскиот труд се издава уверение за завршените докторски студии.

(2) Уверението се потпишува од страна на деканот/директорот на единицата каде што е спроведена постапката за одбрана на докторскиот труд.

(3) Во случаите на заедничка студиска програма, уверението се потпишува од страна на деканот/директорот на единицата во која е вработен менторот на кандидатот кој одбранил докторски труд.

***Диплома***
**Член 73**

(1) За стекнат научен назив – доктор на науки, односно доктор на уметности, се издава диплома.

(2) Дипломата се потпишува од страна на ректорот и деканот/директорот на единицата каде што е спроведена постапката за одбрана на докторскиот труд.

(3) Во случаите на заедничка студиска програма, дипломата се потпишува од страна на ректорот и деканот/директорот на единицата во која е вработен менторот на кандидатот кој одбранил докторски труд.

## VII.
## Други правила за студирање

**Запишување кредити во семестар**
**Член 74**

(1) Студентите во еден семестар запишуваат до 30 ЕКТС-кредити.

(2) Доколку студентот не ги реализира запишаните предмети/активности од семестарот, нив ги презапишува во наредниот семестар.

(3) При повторно запишување на предмети/активности, студентот плаќа половина од вредноста на ЕКТС-кредитите што се однесуваат на предметот/активноста што ја презапишува.

**Измена на студиската програма**
**Член 75**

Доколку во текот на студирањето дојде до промена на студиска програма, студентот што студирал според некоја од претходните програми и го нема завршено студирањето во роковите утврдени со тие програми, го продолжува студирањето согласно со условите за премин на нови студиски програми.

**Рок за завршување на студиите**
**Член 76**

(1) Во рок од 6 години, од денот на почетокот на семестарот во кој се запишал на докторски студии, студентот е должен да ги положи сите испити и да ги заврши другите обврски утврдени со студиската програма и со овој Правилник и да го одбрани докторскиот труд.

(2) По истекот на рокот од став 1 на овој член, студентот го губи статусот на студент на докторски студии.

(3) По исклучок, кога условите на истражувањето бараат подолго време, на барање на студентот и пред истекот на рокот за студирање, советот на студиската програма може да го продолжи рокот, соодветно на потребите, но не повеќе од 2 години.

(4) Лицето кое го изгубило статусот на студент на докторски студии, може повторно да конкурира за запишување на докторски студии.

(5) На кандидатот на кој му е одобрено повторно запишување, може да му се признаат положените испити и реализираните активности и на докторски студии, за што одлука донесува советот на студиската програма.
(6) При повторно запишување, студентот плаќа полн износ на школарина, намален за износ што одговара на бројот на претходно признаените кредити од советот на студиската програма.

**Мирување на докторските студии**
**Член 77**

(1) Студентот може од советот на студиската програма да побара мирување на студиите, со приложување на соодветна документација.
(2) Основи за мирување се:
- за време на бременост;
- на студент со дете до 1 (една) година старост;
- за време на болест подолга од 1 (еден) семестар;
- поради семејни причини;
- за време на меѓународна размена на студентите во траење подолго од 30 дена во текот на одржувањето на наставата, доколку со наведената размена не се стекнуваат ЕКТС-кредити;
- за време на подготовка и настапи на спортски настани кога има статус на член на репрезентацијата на Република Северна Македонија;
- неможност за исполнување на финансиските обврски;
- во други случаи за чија оправданост одлучува советот на студиската програма.

(3) Одлука за мирување на докторските студии донесува советот на студиската програма.
(4) За време на мирувањето на студиите, не тече рокот од член 76, став 1 на овој Правилник.
(5) Доколку, мирувањето на докторските студии трае подолго од два семестра, советот на студиската програма, на барање на менторот, може да му дозволи на менторот да прими нов студент на местото на студентот на кој му мируваат студиите.
(6) Кога студентот ќе поднесе барање за продолжување на студиите кои се во мирување, доколку неговиот ментор нема слободно место, советот на студиската програма може на студентот да му предложи друг ментор, или студентот ќе ги продолжи студиите кога менторот ќе се ослободи.

**Член 78**

(1) Доколку за време на мирување на обврските настанат измени во студиската програма, студентот продолжува да студира на изменетата студиска програма, и е должен да ги исполни обврските кои претставуваат разлика помеѓу двете студиски програми.
(2) За време на мирување на обврските, студентот може да полага испити доколку за полагањето на тие испити ги исполнил условите.
(3) Студентот е должен да го активира студирањето во рок од 15 дена по истекување на настапување на причините за мирување.
(4) Доколку студентот не го активира мирувањето, ниту, пак, запише семестар, му престанува статусот студент.
(5) За времетраењето на мирувањето на обврските, студентот не се задолжува со финансиски обврски доколку ги има измирено заостанатите финансиски обврски.

**Прекин на студии**
**Член 79**

(1) Се смета дека студентот ги прекинал студиите доколку не запише семестар, а ги исполнил условите за тоа, или ако не извршил ниту една од обврските подолго од 3 (три) семестри.
(2) При прекинот на студиите, соодветно се применуваат одредбите од член 77, ставови 5 и 6 од овој Правилник.
(3) Студентот има право да ги продолжи прекинатите студии, согласно со одредбите од овој Правилник.

**Премин од едни на други студии**
*Премин на студиски програми на Универзитетот*
**Член 80**

Во текот на студиите, студентот може да премине од една на друга студиска програма на Универзитетот, под услови утврдени со студиската програма на која се преминува.

*Премин од други високообразовни установи*
**Член 81**

(1) Студенти од студиски програми од други високообразовни установи од земјата и од

странство можат да преминат на студиски програми на Универзитетот, под услови утврдени со студиската програма на која се преминува.

(2) На студентот кој бара преминување, може да му се утврдат дополнителни обврски за надминување на разликите во студиските програми, односно да ги исполни обврските на студиската програма за да може да продолжи со студиите.

(3) На студентот може да му се признаат само предвидените кредити за академската обука.

**Член 82**

Покрај другите услови, студентот од член 81 од овој Правилник, кој сака да премине од една на друга единица/студиска програма, треба да ги исполнува и следниве услови:

- да ги исполнува условите за запишување утврдени со овој Правилник;
- да има решение од надлежен орган во Република Северна Македонија за признавање на стекнати високообразовни квалификации во странство, за претходните завршени студии (за студенти од странство), со еквиваленција за оценките.

**Член 83**

Бројот на студенти што можат да преминат се утврдува од страна на советот на студиската програма.

**Член 84**

(1) Преминувањето се врши врз основа на решение за признавање на остварени кредити.

(2) Решение донесува советот на студиската програма, на предлог на комисијата за еквиваленција, а го потпишува раководителот на студиската програма и деканот, односно директорот на единицата.

(3) Советот на студиската програма формира трichлена комисија за еквиваленција, составена од предложениот ментор, раководителот на студиската програма и наставник од студиската програма.

(4) Комисијата изготвува извештај со еквиваленција и предлог, кои ги доставува до советот на студиската програма.

(5) Извештајот содржи осврт на активностите кои студентот ги остварил на универзитетот од каде што доаѓа, како и еквиваленција на стекнатите кредити со кредитите од студиската програма на која го продолжува студирањето.

(6) Предлогот содржи назив на активноста со број на кредити што се признава, како и кои активности му преостануваат на студиската програма на која продолжува.

**Член 85**

(1) Студентот кој преминува е должен да се запише до завршувањето на уписните рокови на Конкурсот.

(2) Признаените кредити, со изворниот наслов на активноста, се евидентираат во досието на студентот.

(3) Во уверението се внесуваат признаените ЕКТС-кредити и оценките со називот на предметот од студиската програма на која преминал студентот.

(4) Советот на студиската програма утврдува начин на кој кредитите ќе се засметаат во вкупниот број кредити, потребни за стекнување на научниот назив доктор на науки.

**Престанок на статусот на студент**

**Член 86**

(1) На студентот му престанува статусот на студент според условите и постапката утврдени во Законот за високото образование и овој Правилник.

(2) При престанок на статусот на студентот, согласно со став 1 од овој член, на менторот му се ослободува место и може да прими нов студент.

**Студент гостин**

**Член 87**

(1) Студент гостин може да биде студент запишан на докторски студии на друг универзитет во земјата и од странство, кој запишува делови од студиска програма.

(2) Студентот гостин поднесува барање за добивање на статус студент гостин, најмалку 1 месец пред почетокот на семестарот. Во барањето ја наведува студиската програма и активностите кои бара да ги запише.

(3) Студентот гостин може да запише активности од различни студиски програми.

(4) Кон барањето, треба да приложи: потврда/документ со кој го докажува статусот на студент на докторски студии на друг универзитет во земјата и од странство и доказ за познавање на

англискиот јазик (доколку не го познава македонскиот јазик).

(5) По барањето за прием на студент гостин одлучува советот на студиската програма и го известува Стручниот совет за докторски студии.

(6) Одлуката за трошоците за студирање, односно цената за 1 кредит се определува со ценовник.

(7) Правата и обврските на студентот гостин, износот на трошоците за студирањето и други прашања поврзани со статусот на студентот гостин се уредуваат со договор склучен помеѓу студентот гостин и единицата.

(8) На студентот му се издава индекс.

(9) Реализираните активности се евидентираат во индексот и досието на студентот.

(10) На студентот гостин му се издава уверение за реализирани активности и стекнати кредити.

(11) Советот на студиската програма води евиденција за бројот на студенти гости, времетраењето на престојот, универзитетот од каде што тие доаѓаат и сл.

**Школарина за докторските студии**
**Член 88**

(1) Студентите запишани на докторски студии плаќаат школарина.

(2) Средствата за реализација на докторските студии се обезбедуваат од школарина, други давачки од студентите на докторските студии, од соработка со други универзитети, правни и физички лица од земјата и од странство, проекти и од други извори.

(3) Школарината за заедничките студиски програми се уплатува во единицата со која студентот склучил договор за студирање.

(4) Студентот сам ги покрива трошоците за истражувањето, мобилноста, визитинг-наставниците и другите трошоци согласно со договорот за студирање.

**VIII. Евиденции**
**Член 89**

(1) Матичната книга на запишани студенти, досиејата на студентите, главната книга на докторирани студенти и други евиденции се водат и се чуваат во единицата со која студентот го склучил договорот.

(2) Матичната книга на запишани студенти, главната книга на докторирани студенти и други евиденции, на студиска програма организирана од две или повеќе единици, се водат и се чуваат во единицата во која е вработен претседавачот на советот на заедничката студиска програма.

(3) Досиејата на студентите запишани на студиска програма организирана од две или повеќе единици се водат и се чуваат кај единицата во која е вработен менторот на студентот.

(4) Индекс и уверение за завршени докторски студии на студиска програма организирана од две или повеќе единици издава единицата во која тоа е определено со договорот за воведување заедничка студиска програма.

**IX. Примена на овој Правилник**
**Член 90**

Одредбите од овој Правилник ќе се применуваат и на јавните научни установи – придружни членки на Универзитетот и на другите високообразовни установи – придружни членки на Универзитетот.

**X. Преодни и завршни одредби**
**Член 91**

(1) Студентите запишани на докторски студии до влегувањето во сила на овој Правилник, продолжуваат да студираат според структурата на студиските програми на кои се запишале.

(2) Студентите запишани на докторски студии до влегувањето во сила на овој Правилник, продолжуваат да студираат според склучените договори за студирање, правилата утврдени со студиските програми и во согласност со одредбите од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018) и овој Правилник, доколку не се во спротивност со правилата утврдени со студиските програми.

(3) Студентите запишани на докторски студии кои не одбраниле докторски труд во рок од 8 години сметано од денот на запишувањето до влегувањето во сила на овој Правилник, наставно-научниот, наставно-научниот и уметнички, односно научниот совет со одлука го утврдува рокот за завршување на студиите, односно одбрана на докторски труд.

(4) Одредбата од член 74, став 3 од овој Правилник ќе се применува за студентите кои ќе се запишат на докторски студии почнувајќи од учебната 2021/2022 година.

**Член 92**

Мандатот на избраните членови на Стручниот совет за докторски студии е 3 (три) години, односно мандатот им трае до изборот на нови членови.

**Член 93**

Раководителите на студиските програми избрани пред влегувањето во сила на овој Правилник, продолжуваат да ги вршат своите функции до истекот на времето за кое се избрани.

**Член 94**

Со денот на влегувањето во сила на овој Правилник престанува да важи Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус – докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 418/2019).

**Член 95**

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во Универзитетски гласник.

**Претседател**
**Проф. д-р Анета Баракоска**

## Прилог 1

| Семестар | Код | Тип на предмет/активност | Опис на предмет/активност | ЕКТС |
|---|---|---|---|---|
| Прв | 1.1 | Задолжителен | Етика во научноистражувачката работа од областа | 3 |
| | 1.2. | Задолжителен | Методологија на научноистражувачка работа од областа | 3 |
| | 1.3. | Изборен | Предмет за стекнување генерички знаења и вештини за истражување од универзитетска листа на изборни предмети | 6 |
| | 1.4. | Задолжителен/Изборен | Предмет од студиската програма за стекнување напредни знаења | 6 |
| | 1.5. | Задолжителен/Изборен | Предмет од студиската програма за стекнување напредни знаења | 6 |
| | 1.6. | Изборен | Предмет од студиската програма за стекнување напредни знаења | 6 |
| | | | **Вкупно** | **30** |
| Втор | 2.1. | Изборен | Предмет од студиската програма за стекнување напредни знаења | 6 |
| | 2.2. | Изборен | Предмет од студиската програма за стекнување напредни знаења | 6 |
| | 2.3. | Задолжителен | Истражувачка работа под менторство (подготовка на предлог-докторски проект) | 14 |
| | 2.4. | Задолжителен | Прва годишна конференција | 4 |
| | | | **Вкупно** | **30** |
| Трети | 3.1. | Задолжителен | Предлог-докторски проект | 27 |
| | 3.2. | Задолжителен | Прв докторски семинар | 3 |
| | | | **Вкупно** | **30** |
| Четврти | 4.1. | Задолжителен | Изработка на докторскиот труд | 20 |
| | 4.2. | Задолжителен | Меѓународна мобилност | 6 |
| | 4.3. | Задолжителен | Втора годишна конференција | 4 |
| | | | **Вкупно** | **30** |
| Петти | 5.1 | Задолжителен | Активности за објавувањето на два труда во референтна научна публикација | 20 |
| | 5.2. | Задолжителен | Учество на меѓународен собир | 7 |
| | 5.3. | Задолжителен | Втор докторски семинар | 3 |
| | | | **Вкупно** | **30** |
| Шести | 6.1. | Задолжителен | Трета годишна конференција | 4 |
| | 6.2. | Задолжителен | Одбрана на докторскиот труд | 26 |
| | | | **Вкупно** | **30** |